Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 162

Мај-Јуни 2026 г.

цена 20 денари,

**Силвана Јакимовска Бинова,**
наставничка во ООУ „Страшо Пинџур“-Карбинци



## Наставникот е тој кој ги поставува и гради темелите на развојот на учениците

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

EAM T-SHIRT INDUSTRY

**Александар Арсовски,**
в.д. директор на ЈП „Исар“ Штип



## Со Скада системот загубите на вода ќе се намалат за 1.000.000 метри кубни вода на годишно ниво

**Вишна Шорова,**
секретар на Општина Штип:



## Случај ООУ „Гоце Делчев“: Да се обезбеди функционален, одржлив и квалитетен образовен система



## Награда за животно дело за Стојан Троицки



## Д Фест за илјадници млади од Штип, регионот, државата, Балканот...

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Авто сервис Рибата

Иван Бојаџиски



# Пропаста на реонизацијата, „победа“ на сегрегацијата

На 60 годишнината од постоењето учениците, нивните родители и вработените во Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ ја дознаа веста дека нивното училиште се затвора, а учениците ќе бидат префрлени во две други основни општински училишта. Со одлука на Советот на Општина Штип од оваа година во училиштето кое го носи името на Делчев нема да има уписи во прво и во шесто одделение. Проектот вели дека училиштето комплетно ќе биде затворено по период од пет години, а училишната зграда ќе биде пренаменета за други потреби од сферата на образованието.

Констатацијата за носење на една ваква тешка одлука лежи во фактот дека нема доволно деца за ООУ „Гоце Делчев“ да може да функционира како посебно училиште во семејството на петте основни училишта, ако во тоа семејство се вклучи и ООУ „Славејко Арсов“ кое е за деца со посебни потреби, но кое, за разлика од другите кои се финансирани од Општина Штип е финансирано од државата.

Училиштето и се што денес се случува околу него покренува мал милион емоции кај сегашните наставници но и кај оние кои во него се изградиле како личности и ги реализирале своите сонувани кариери. Емоциите доаѓаат од животниот и развоен пат на ООУ „Гоце Делчев“. Имено, училиштето е изградено во 1966 година, што е точно пред 60 години, а градбата била можна поради големата солидарност која во тие години ја покажувале штипјани преку редовните месни самопридонеси со кои биле градени објекти од значење за развојот на градот и општината.

Како самостојно училиште ООУ „Гоце Делчев“ постои од 1996 година, значи полни 30 години, за денес да се констатира дека тоа нема доволно деца за да може самостојно да егзистира.

Бројките говорат дека во централното училиште во годината во која е донесена одлуката за неговото затворање (2026 година) учат вкупно 529 ученици од кои 331 се деца од ромска националност, 179 деца се од македонски семејства а 19 од турски.

Но, училиштето стана познато и на еден поширок простор кога пред некоја година Македонија го загуби спорот по поднесената тужба од група граѓани од ромска националност во Европскиот суд за човекови права за постоење сегрегација во ова училиште. Тужбата беше позната како „Елмазова и други против Република Македонија“, а иста тужба пред истиот суд имаше и од училиште во Битола. Македонија го изгуби спорот и на тужителите мораше да им исплати определена сума пари во вид на одштета за сегрегацијата. Општина Штип не сакаше да се изложува на чести и се поголеми казни кои ќе доаѓаа од овој суд, и на тој начин да го оштетува буџетот, па и тоа беше причина за одлуката да се затвори „Гоце Делчев“.

Треба да се каже тоа дека пред крајот на минатата година Советот на Општина Штип донесе општинска Стратегија за развој на воспитно – образовниот систем (2025 – 2030 година). Во овој документ се забележува дека има постојан пад на бројот на ученици во штипските училишта, се зголемува бројот на празни места, додека Штип како универзитетски град, има потреба од студентски и ученички дом. Поради ова второто се засилија гласините дека училиштето се затвора и поради потребата Штип да добие можност за квалитетно сместување на студентите и средношколците кои доаѓаат да учат во нашиот град. Но тој став се покажа за неточен бидејќи сега е јасно дека зградата на ООУ „Гоце Делчев“ ќе му биде дадена на Универзитетот „Гоце Делчев“ (во „Гоце Делчев“ пак „Гоце Делчев“) за потребите на Медицинскиот факултет, за одделот стоматологија.

***Намалениот број ученици и сеграгација го затвораат основното општинско училиште „Гоце Делчев“. Се урниса реонизацијата како модел на рамноправно учество на децата во нашите основни училишта согласно реонот во кој живеат. Прашање е да ли сегрегација ќе нема и со новото решение.***

На крајот од оваа тешка штипска образовна приказна сеуште отворено останува прашањето како ќе тече преселбата на учениците од ООУ „Гоце Делчев“ во двете други училишта – ООУ „Вано Прке“ и ООУ „Тошо Арсов“. Како 331 ромско дете да не бидат причина за нов тип на сегрегација во новите училишта, ако родителите македонци одново одлучат дека не сакаат нивните деца да учат со деца од ромски семејства? Дали пак решението на проблемот да се бара во затворање на ново училиште? Зашто е јасно дека вториот елемент, се помалиот број новороденчиња, ќе притиска се повеќе. Впрочем, токму сегрегацијата во ова училиште и се помалиот број новородени деца ја покажа ранливоста на процесот наречен реонизација која на примерот на ООУ „Гоце Делчев“ не успеа да се одржи.

**Со проф. д-р Ванѓа Димитријева Кузманова, претседателка на Здружение за промоција на културата, традицијата и интеграцијата на Власите во Европа- „Светлина на сонцето“**

# Наш најголем предизвик е да го зачуваме влашкиот јазик



Националниот ден на Власите се одбележува секоја година на 23 мај. Овој празник е востановен во чест на 22 мај 1905 година, кога султанот Абдул Хамид Втори издал декрет со кој Власите (Ароманците) биле признати како посебен народ со свој етнички, јазичен и културен идентитет. Според пописот од 2022 година Општина Штип има 44.866 жители од кои 1.584 се Власи. Со г-ѓа Ванѓа Димитријева Кузманова, Здружение за промоција на културата, традицијата и интеграцијата на Власите во Европа, Штип ,, LUNJINA A SOARLI”- ,, Светлина на сонцето” разговараме за некои аспекти од животот на влашката заедница во нашата општина.

**➢Г-ѓа Ванѓа, да ли влашката заедница во нашава општина годинава го одбележа Денот на власите?**

-Да. Во Штип се организираа пригодни културни активности, средби и настани кои имаа за цел да го афирмираат влашкиот јазик, обичаи и култура. Иако можеби не со интензитет како порано, континуитетот сепак постои, што е особено важно за зачувување на нашето наследство. Оваа година имавме гости од Шпанија, Германија, Австрија, Португалија, Чешка, Латвија, Литванија и Романија.

**➢Да ли бројката на власите кои живеат во Штип и штипско, според последниот попис од 2022 година, е точна?**

Официјалната бројка од пописот во 2022 година е релевантна како статистички податок, но не сум целосно убедена дека ја прикажува реалната состојба. Одреден дел од Власите поради различни причини не се изјаснуваат како такви или се асимилирани, па оттука реалната бројка веројатно е повисока.

**➢Во нашата локална средина за влашката заедница, генерално владее исклучително позитивно мислење како лојална, образована и работлива заедница, па кој е Вашиот став по однос на ваквото мислење?**

Сметам дека оценката за власите како лојална, образована и работлива заедница има своја основа. Традиционално сме насочени кон образование, професионален развој и општествен придонес. Низ историјата, без многу гласни барања или конфликти, сме придонесувале за развојот на државата и локалната средина.

**➢Како Вие гледате на придонес на вашата етничка заедница во однос на културната разновидност на градот и општината?**

Влашката заедница придонесува за културната разновидност преку фолклор, музика, традиции, литература и уметност. Овие активности најчесто се реализираат преку културни здруженија, неформални групи и индивидуални иницијативи. Искрено, мислам дека порано бевме повидливи во јавноста, па затоа денес постои потреба од поголема институционална и локална поддршка за поинтензивна афирмација.

**➢Застапеноста на власите во политиката и воопшто во јавниот живот на Штип?**

Во минатото, Власите од Штип имале значајни претставници во политичкиот и јавниот живот – пратеници, советници, новинари. Денес таа застапеност е нешто поскромна, но сепак има поединци кои активно учествуваат. Верувам дека заедницата треба повеќе да ги следи и поддржува овие процеси.

**➢Вие лично сте дел од скапоцениот високообразовен систем на државата, како власите придонесуваат во оваа важна област?**

Познато е и признаено присуството на голем број образовани кадри од влашката заедница, вклучувајќи професори, научници и јавни личности во образовниот система на Македонија. Тоа присуство е резултат пред сè на личен труд, посветеност и вредности кои се негуваат во семејството. Во моето лично искуство, не сум почувствувала институционална дискриминација, што говори за добра интеграција во општеството.

**➢Кои се најважните вредности на влашката заедница?**

Власите традиционално се препознаваат како луѓе кои многу внимание посветуваат на семејството, образованието и стабилноста. Овие вредности се длабоко вкоренети и сè уште се присутни. Покрај тоа, би ја истакнала и нашата адаптибилност, посветеност кон работа и чувство за заедништво.

**➢Ако јазикот е татковината на секој човек, кој е начинот на кој влашката заедница го чува и негува својот јазик?**

Најголемиот предизвик за нас е зачувувањето на влашкиот јазик. Тој во најголема мера се пренесува во рамките на семејството. За жал, помладите генерации сè помалку го користат, па затоа е неопходно да се создадат дополнителни можности – преку образование, културни програми и институционална поддршка – за негово зачувување. Сакам да истакнам дека секој труд за нашата традиција и култураво овие времиња кога јазикот ни е на маргините за опстојување е неприкосновен подем за идните генерации кои ќе сакаат да го научат патот до нивниот успех кон зачувување, промоција, афирмација и заштита на трајните културни, уметнички, образовни процеси како мала но значајна заедница во рамките на нашето општество.

На крајот од овој разговор сакам да кажам дека иако бројно сме помала заедница, нашиот придонес во општеството е значаен. Она што е неопходно тоа е да продолжиме да го негуваме нашиот идентитет и активно да учествуваме во современото општество.

Со Александар **Арсовски**, в.д. директор на ЈП „Исар“ Штип

# Од ветувања кон резултати: со Скада системот започнува вистинската борба против загубите на вода

На прагот сме од летото за кое метеоролозите прогнозираат дека ќе биде пеколно топло и во нашиот регион. Од тој аспект интервју во овој број на весникот правиме со Александар Арсовски, в.д. директор на ЈП Исар, а нашето прво прашање е да ли постои гаранција дека Штип и штипјани летово квалитетно ќе бидат снабдени со вода за пиење?

-Снабдувањето со вода до нашите крајни корисници е наш врвен приоритет. Впрочем тоа е и една од нашите основни работни задачи. Аналогно на тоа, сите расположливи ресурси се фокусирани да нашите корисници не само во летниот период туку и преку целата година добиваат чиста, хемиски и бактериолошки исправна вода за пиење. Тоа го докажуваат и секојдневните анализи од страна на акредитирани лаборатории со кои имаме деловно техничка соработка. Долгогодишното искуство на наште стручни екипи и континуираното вложување во алат, опрема и реконструкција на водоводната мрежа е гаранција дека штипјани ќе немаат проблеми со водата за пиење.

**➲Штип е најголемиот град во регионот, во некоја рака негова метропола, па каква е просечната дневна испорака на вода од филтер станицата кон градот во текот на летните денови?**

Просечната дневна испорака на вода за пиење од филтер станицата во летниот период ќе надмине 230 лити/секунда. Ланското искуство говори дека во пикот на потрошувачката испораката ќе биде и над 250 литри /секунда. Постојаното и навремено одржување и модернизација на фабриката за вода го гарантира континуираното и стабилно водоснабдување во секое време согласно потребите на граѓаните.

**➲Доаѓаме до прашањето за најавениот скада систем и неговото значење за водоснабдувањето на градот. Се работи за систем кој е столб на модерната автоматизација во енергетиката, водоснабдувањето, транспортот и производството. Негови главни компоненти се софтверски и хардверски елементи, односно интерфејс помеѓу човек и машина и, второ графички приказ (контролна табла) кој ги обработува податоците и му овозможува на операторот да го надгледува процесот. Со оглед на фактот дека 60 проценти од водата испорачана кон градот се губи низ системот што на овој план ќе допринесе скада системот?**

Скада системот е нужна потреба за контола,



**Александар Арсовски**

мониторинг и управување со водоводниот систем на градот. Мое лично мислење е дека ваквиот систем кој ќе ја почне и добие битката со загубите на вода требало да му се случи на ЈП Исар уште многу поодамна, односно веднаш штом се детектирани првите поголеми загуби на вода. Во тој случај немало да се дозволи да се акумулираат ваквите загуби кои предизвикуваат огромни финансиски штети но и импликации по работењето и ликвидноста на самото претпријатие.

Но, на мое лично задоволство Скада системот станува реалност, изведбените активности на терен се одвиваат согласно динамичкиот план за работа и се во напредна фаза, а првите анализи и превземени мерки

***Скада системот кој ќе ја почне и добие битката со загубите на вода требало да му се случи на ЈП Исар уште многу поодамна, односно веднаш штом се детектирани првите поголеми загуби на вода. Во тој случај немало да се дозволи да се акумулираат ваквите загуби кои предизвикуваат огромни финансиски штети.***

за отстранување на потенцијалните дефекти ќе се случат наскоро.

Песимистичките прогнози за намалување на 20 % на загубите на вода во првата година од функционирањето на овој систем ни даваат за право да констатираме дека на годишно ниво загубите на вода ќе

се намалат за нешто повеќе од 1.000.000 м3.

**➲Со скада системот контролата над водоводниот систем ќе се врши, така да кажеме од една просторија во која ќе биде сместен системот, и притоа не мора постојано да се биде на терен. Ако се наиде на проблем ќе може автоматски или рачно да се интервенира од просторијата на системот. Колку тоа ќе влијае на решавање на кризните појави на водоводната мрежа и како ќе влијае на намалувањето на големите загуби на вода?**

Навременото лоцирање на проблемот во главните водоводни линии е чекор полиску до решавање на тековнниот проблем на терен но и почеток на решавање на деценискиот проблем со загубите на вода. Во некои случаи сопирањето на водата и контролата



на притисокот на водата низ главните водоводни линии ќе се врши автоматски преку специјални мерачи на проток и електомоторни вентили. Навремената интервенција значи и помала загуба на вода.

**➲Каде, во кои простории ќе биде сместен системот и има ли ЈП Исар доволно квалификуван кадар за да работи со тој систем?**

Во склоп на филтер станицата е пренаменета соодветна просторија во која на едно место ќе се синхронизираат и заедно делуваат активниот СКАДА систем кој го поседува филтерстаницата и новиот СКАДА систем на водоводната мрежа (по излегувањето на питката вода од филтер станицата и пуштањето низ водоводната мрежа)

Од аспект на кадар потребен да го контролира, следи и управува овој напреден систем можеме да се пофалиме дека веќе активно работат 3 нови млади дипломирани инженери кои ќе можат но и ќе мораат да го извадат максимумот што го нудат овие нови системи.

**➲Да ли употребата на скада системот ќе наметне потреба од намалување на бројот на вработени или ќе се случи спротивно...**

Не се очекуваат сериозни кадровски промени иако овој систем е предвиден автономно да работи и генерира потребни информации, кои секако понатаму треба да бидат процесуирани од страна на вработените во РЕ водовод.

**➲Загубата на дури 60 проценти од водата која се испорачува на градот е голема, иако има градови каде таа е над 80 проценти (Дебар) и тој процент на загуба трае над 40 години, а нашето прашање која е причината што во минатото таа загуба не можеше да се намали, дали е тоа застарената (азбесна) водоводна мрежа или има(ло) и други фактори.Дополнителна тежина носат и податоците за загубите во водоводните системи. Според годишниот извештај на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад, загубите на вода на национално ниво во 2025 година изнесувале 63,05 проценти, значи ние сме во просекот...**

Генерално, вкупните загубите на вода се како резултат на старата дотраена водоводна мрежа и нелегалните приклучоци односно кражби на вода. Во периодот зад нас веќе неколку години по ред се работи и на континуирана замена на старата водоводна мрежа со нова но и поставување на нови водоводни линии кои не се подложни на дефекти и имаат сериозно долг рок на употреба. Фрапантен е податокот за процентот на загубите на вода. До сега заложбите и ветувањата за намалувањето на загубите биле само декларативни или можеби само желба. Сега сме во фаза кога нашето ветување дадено од пред помалку од две години успешно се имплементира на терен и ја започнуваме вистинската борба против загубите на вода.

**➲Како ЈП Исар денес стои со наплатата на побарувањата, зашто граѓаните, индустријата, институциите кои ги користат бенефитите без кои животот не е можен треба да имаат одговорност кон ова важно прашања, одговорност кон своите обврски...**

Наплатата секогаш може да биде подобра, но сепак сметам дека нашите корисници се едни од по-

***Песимистичките прогнози за намалување на 20 % на загубите на вода во првата година од функционирањето на овој систем ни даваат за право да констатираме дека на годишно ниво загубите на вода ќе се намалат за нешто повеќе од 1.000.000 м3***

дисциплираните кога станува збор за подмирување на надоместокт за потрошената вода. Макотрпен и сложен е процесот за обезбедување на континуирано и без прекини водоснабдување, истото е проследено со големи финансиски вложувања и издатоци, па затоа апелирам на рационално користење на водата која живот значи..

# Случај ООУ „Гоце Делчев“: Да се обезбеди функционален, одржлив и квалитетен образовен система



Случајот со одлуката за затворање на Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ во кое учат близу 600 ученици е најголемата тема за која се дискутира во градот. За наша обврска ја смета(в)ме основната цел на постоењето на новинарството на јавноста да и ги пружиме сите потребни информации за случајот користејќи релевантни извори. Овојпат разговараме со **Вишна Шорова Ангелова**, секретар на Општина Штип.

-Одлуките поврзани со ООУ „Гоце Делчев“ се резултат на сеопфатна анализа на состојбите во образовниот систем и се темелат на потребата од оптимизација на училишната мрежа, рационално и одговорно користење на јавните финансиски средства, како и усогласување со важечката законска рамка и релевантната судска пракса, вклучително и пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Целта е да се обезбеди функционален, одржлив и квалитетен образовен систем, при што сите одлуки се носат врз основа на стручни анализи, во согласност со законските надлежности и во интерес на учениците и образовниот процес.

Сакам да појаснам дека оваа одлука не е директна последица на пресудата на Европскиот суд за човекови права. Сепак, таа претставува еден од факторите што се земени предвид при разгледувањето на можните решенија за ова прашање. Повеќе од една деценија надлежните институции бараат одржливо решение за надминување на состојбите поврзани со сегрегацијата, при што во процесот се земени предвид и обврските што произлегуваат од пресудите на Судот, заедно со потребата од оптимизација на училишната мрежа и обезбедување квалитетен и инклузивен образовен систем, вели Шорова Ангелова.

***На нашето прашања за тоа какви напори праве(ше) локалната власт квалитетно да го реши овој проблем, особено во изминатите пет-шест години нашата соговорничка вели:***

-Во изминатите години Општина Штип континуирано работеше на изнаоѓање одржливо решение за ова прашање, во соработка со Министерството за образование и наука, раководствата на училиштата, стручните служби и другите засегнати страни. Секоја година се вршеа анализи и се разгледуваа можности за оптимизација на училишната мрежа, во согласност со демографските промени, бројот на ученици и потребите на образовниот систем. Како дел од овие активности беше изработена и Стратегија за развој на образованието во Општина Штип, која предвидува мерки за обезбедување одржлив, ефикасен и квалитетен образовен систем. Во рамки на анализите беа разгледувани различни модели за организација на наставата, при што основната цел беше да се обезбеди решение кое ќе ги заштити интересите на учениците и вработените, без создавање технолошки вишок и со можност наставниот кадар постепено да биде распореден согласно потребите на образовниот систем, коментира Вишна Шорова Ангелова.

***Сепак, останува отворено прашањето за тоа зошто проблемот на можеше да се реши на задоволство на сите, односно ООУ „Гоце Делчев“ да продолжи да функционира во актуелниот формат, посебно што 600 ученици не е мала бројка? И потпрашање: да ли проблемот го создадоа семејствата на децата од македонска националност кои не ја почитуваа реонизацијата и наоѓаа мал милион начини нивните деца да не учат во училиште со ромските деца?***

> ***Новата реонизација ќе биде изработена согласно законските прописи и ќе ги опфати сите ученици кои живеат на подрачјето што го покривало ООУ „Гоце Делчев“, без разлика на нивната етничка припадност. Целта е учениците да бидат распределени во основните училишта согласно новата мрежа на училишни реони.***

-Ова е комплексно прашање кое не може да се сведе на одговорност на која било поединечна група или заедница. Станува збор за процес на кој влијаат повеќе фактори, меѓу кои демографските промени, миграцијата на населението, изборот на родители за образованието на своите деца, како и пошироките трендови во образовниот систем, оценува Шорова Ангелова и додава:

-Општина Штип останува посветена на принципите на еднаков пристап до образование, инклузивност и почитување на правата на сите ученици. Целта на ин-

ституциите не е да се бара вина кај одредена страна, туку да се создадат услови за квалитетно образование за сите деца и да се донесат решенија кои ќе бидат одржливи на долг рок и во интерес на учениците, наставниците и целата локална заедница.

***Според податоците со кои располага училиштето, во ООУ „Гоце Делчев“ наставата ја посетуваат вкупно 529 ученици?***

-Да, Од нив, 215 се ученици од македонска националност, а 314 се ученици од ромска националност. Во училиштето се вработени вкупно 80 лица, од кои 58 се наставници, додека останатите се ангажирани во стручните, административните и техничките служби неопходни за непречено функционирање на образовниот процес. Она што е особено важно да се нагласи е дека во рамки на процесот што се разгледува, фокусот е ставен на зачувување на работните места и на искористување на постојниот кадар во образовниот систем. Согласно досегашните разговори и планирања, предвидено е наставниот кадар постепено да биде преземан и распределуван во другите основни училишта во Општина Штип, согласно потребите и законските можности. Целта е процесот да се одвива внимателно и одговорно, без да се создава неизвесност кај вработените и нивните семејства. Во исто време, надлежните институции ќе продолжат да ги разгледуваат најсоодветните решенија и за останатите вработени, водејќи сметка за нивниот статус и долгогодишен придонес во функционирањето на училиштето.





***Во јавноста има многу шпекулации во однос на новата намена на училишната зграда, што ќе кажете Вие во однос на ова прашање?***

-Согласно предвидените активности, објектот ќе му биде отстапен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Одлуката за неговата понатамошна намена и користење е во надлежност на Универзитетот, кој ќе ја утврди согласно сопствените потреби и развојни планови.

***Каде ќе бидат распоредени ромските деца. Согласно реонизацијата нивното училиште се затвора, а најголем број од ромските семејства живеат на тој простор, па кое училиште во иднина ќе биде „нивно“?***

-Новата реонизација ќе биде изработена согласно законските прописи и ќе ги опфати сите ученици кои живеат на подрачјето што го покривало ООУ „Гоце Делчев“, без разлика на нивната етничка припадност. Целта е учениците да бидат распределени во основните училишта согласно новата мрежа на училишни реони, при што ќе се обезбеди непречено продолжување на образовниот процес и еднаков пристап до квалитетно образование за сите посочува Вишна Шорова Ангелова..

***Оваа одлука не е директна последица на пресудата на Европскиот суд за човекови права. Сепак, таа претставува еден од факторите што се земени предвид при разгледувањето на можните решенија за ова прашање.***

# Универзитетот „Гоце Делчев“ најдобро рангиран во хуманистичките науки и уметностите

Во текот на месец јуни е промовирана платформата АРБУ – Академско рангирање на балканските универзитети (Academic Ranking of Balkan Universities), првото регионално академско рангирање кое ги опфаќа универзитетите од целиот Балкан и нивното научно влијание.

АРБУ претставува најобемна анализа на високото образование во регионот досега. Рангирањето опфаќа 324 универзитети и високообразовни институции од осум балкански држави, повеќе од 33.000 професори и истражувачи и над 19,7 милиони научни цитати регистрирани на Гугл Сколар (Google Scholar). Со тоа, за првпат е создадена единствена регионална база на податоци која овозможува директна споредба на научните перформанси на универзитетите и истражувачите од целиот Балкан.

– „АРБУ е создаден со идеја Балканот конечно да добие сопствена академска мапа. Нашата цел не е



само да рангираме, туку да обезбедиме транспарентна алатка преку која универзитетите, професорите, студентите и носителите на политики ќе можат да ја следат академската успешност и да носат подобри одлуки. Македонија има извонредни истражувачи, но за жал сè уште не успеваме да го институционализираме квалитетот. Носителите на политиките треба да дадат одговор дали решението е во нов закон, во промена на моделот на финансирање согласно препораките на Светската банка или во посуштински реформи кои ќе овозможат создавање истражувачки универзитети според примерите на најуспешните европски системи“ истакна основачот на АРБУ, проф. д-р Марјан Бојаџиев.

На свеченоста се обратија и министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска И директорката на Агенцијата за квалитет во високото образование доц. д-р Христина Серафимовска.

Во своето обраќање, министерката Јаневска призна дека македонското високо образование заостанува зад регионот „не од годинава или од лани, туку години по ред” и дека таа состојба не се подобрувала — нешто што ја наведе Владата кон суштински и системски реформи. Таа истакна дека новиот закон за високото образование гарантира академска автономија, транспарентни критериуми за евалуација и напредување и механизми за поддршка на младите истражувачи, а е проследен со конкретни финансиски мерки: буџетот за универзитети пораснал од помалку од 3 милијарди денари во 2022 на 8 милијарди денари во 2026, додека буџетот за наука се удвоил — од 380 на 773 милиони денари.

Првите резултати покажуваат дека најголемо научно влијание во регионот имаат универзитетите од Хрватска, Србија и Словенија. На врвот на листата се наоѓа Универзитетот во Загреб, по кој следуваат Универзитетот во Белград и Универзитетот во Љубљана. Овие три институции претставуваат јадро на научноистражувачката продукција на Балканот и заедно акумулираат повеќе од девет милиони научни цитати.

***Во категоријата индивидуални истражувачи од Македонија, највисоко рангиран е проф. д-р Сашко Кедев со повеќе од 38.500 цитати***

Според резултатите за Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (УКИМ) е најдобро рангиран универзитет во државата и лидер во најголем број научни области. Истовремено, анализата покажува значителен јаз меѓу македонските и водечките регионални универзитети. Додека УКИМ располага со околу 400 илјади цитати, Универзитетот во Загреб има повеќе од 4,6 милиони цитати, а универзитетите во Белград и Љубљана над два милиони цитати секој.

На национално ниво, високи позиции бележи и Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип и Универзитетот на Југоисточна Европа. Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола и Универзитетот во Тетово. Анализата покажува дека дел од успехот на Универзитетот „Гоце Делчев” и Универзитетот на Југоисточна Европа се должи и на нивната активна вклученост во европски универзитетски мрежи и меѓународни академски партнерства. Универзитетот „Гоце Делчев” е најдобро рангиран во хуманистичките науки и уметностите, АРБУ за првпат овозможува и регионална споредба на индивидуалните истражувачи.

Во категоријата индивидуални истражувачи од Македонија, највисоко рангиран е проф. д-р Сашко Кедев со повеќе од 38.500 цитати. Податоците покажуваат дека медицинските науки се најсилното научно поле во државата според цитираноста и меѓународното влијание, со речиси 60 проценти од вкупните цитати на највлијателните македонски истражувачи.

# Наставникот е тој кој ги поставува и гради темелите на развојот на учениците



Силвана Јакимовска Бинова

Силвана Јакимовска Бинова родена е и живее во Штип, а годинава навршува две децении работа како наставничка во ООУ „Страшо Пинџур“ во Карбинци. Таа е добитничка на признанието „Најдоброто од истокот во образованието“ кое го доделуваат новинарите од регионот, здружени во регионалниот актив на новинари „Исток“.

-Дипломирав на Природно-математичкиот факулте при УКИМ, а магистрирав теорија на информатика на факултетот за информатика при универзитетот „Гоце Делчев“. Годинава славам две децении работа во образованието во ООУ „Страшо Пинџур“-Карбинци. Како помлада мечтаев да бидам историчар или дизајнер на мебел, но судбината си имала свои идеи за мојата животна кариера, вели Силвана за нашиот весник.

**Математиката ја научила на упорност, трудољубивост, логично размислување, истрајност во остварување на целите.**

-Голема улога во мојата одлука да се посветам на математиката имаше мојата професорка по математика во нашата гимназија **Ефче Арсова Нехтенин** која успеа да ми ја приближи оваа наука и да ме мотивира да продолжам по тој пат, а денес сум исклучително среќна што професијата наставник е мој избор и моја вистинска љубов, додава нашата соговорничка.

За Силвана најважно за квалитетно извршување на професијата е љубовта и посветеноста кон неа. –„Наставникот не е тој кој само пренесува знаење туку учествува во градењето и обликувањето на личноста на учениците. Тој ги поставува и гради темелите на нивниот развој, ги води и насочува преку своето знаење, но и преку сопствениот пример, вредности и однесувања“, ги појаснува работите оваа инспиративна наставничка.

**За своите ученици Силвана Јакимовска Бинова вели дека се важен дел од нејзиниот живот.**

-Во изминатите 20 години сум имала можност да запознаам многу генерации ученици, секоја генерација со своите способности, интереси, соништа, предизвици. И токму поради тоа се трудам на нив да гледам како на личности, а потоа како на мои ученици при што грижата за моите ученици ми е како и грижата за моите деца. Сакам да потенцирам дека многу често учам од моите ученици за подобро да ги разберам моите деца дома, нивните размислувања, интереси, предизвици, начинот на кој го доживуваат светот. Од друга страна искуството што го имам како родител ми помагаат подобро да ги разберам учениците и ситуациите со кои тие се соочуваат, коментира наставничката Јакимовска Бинова.

**За партнерството со родителите:**

-Во средината во која работам би сакала родителите уште повеќе да ја препознаат важноста на нашето партнерство и поактивно да се вклучат во комуникацијата и соработката со училиштето. Кога родителите и наставниците меѓусебмно се почитуваат, си веруваат и работат како тим, учениците добиваат најсилна поддршка за својот академски, личен и социјален развој, коментира Силвана.

**За признанијата:**

-Многу сим им благодарна на новинарите од нашиот регион што ја препознале мојата дведецениска работа во образованието и што ми го доделија признанието „Најдоброто од истокот во сферата на образованието“. Со моите ученици освоивме прво место на меѓународниот натпревар VR4Clima за ученици на возраст од 11-13 години, каде моите ученици креира проект за одржлив училишен двор користејќи алатки од 3Д моделирање и виртуелна реалност. Исто така со

> ***„Наставникот не е тој кој само пренесува знаење туку учествува во градењето и обликувањето на личноста на учениците. Тој ги поставува и гради темелите на нивниот развој, ги води и насочува преку своето знаење, но и преку сопствениот пример, вредности и однесувања“.***

проектот „AI SpineCare“-проект за грижа за рбетниот столб со помош на вештачка интелигенција бевме избрани меѓу десетте најдобри финалисти на светско ниво, а имаме и други награди добиени во државата и надвор од неа. Но, и покрај тоа признание од општината, од државата немаме. Значајна поддршка и охрабрување имам од актуелниот градоначалник **Виктор Паунов**. Затоа имам право на своја гордост што сум добитничка на признанието кое доаѓа од новинарите кои љубопитно ги следат процесите кои придонесуваат за угледот и просперитетот на нашата Македонија, вели Силвана Јакимовска Бинова, наставничка која импресионира со своето знаење, љубов и посветеност на една од најважните професии за секоја држава.

# Д Фест за илјадници млади од Штип, регионот, државата, Балканот...

Д Фестивал 2026 уште еднаш го потврди својот раст во еден од најзначајните летни музички настани во регионот, привлекувајќи илјадници посетители од земјата и странство. Организаторите и Општина Штип се за голема пофалба за беспрекорна организација и визија, со која фестивалот сè појасно го позиционира градот како регионален културен центар.

Фестивалот понуди богата програма на повеќе стејџови, каде покрај главните настапи се издвојуваа и бројни локални и регионални артисти, DJ сетови и алтернативни жанрови, што придонесе за разновидна и динамична атмосфера низ сите фестивалски денови.

Д Фестивал 2026 остави впечаток на голем, летен фестивал што одамна не е „мала локална приказна“, туку сериозен регионален настан и сè појасен „премиум“ регионален бренд. Иако веќе има силна репутација, ова издание остава чувство дека најдоброто од фестивалот сè уште допрва доаѓа.

Во срцето на програмата, највпечатлив момент за многумина беше настапот на IDLES. Тоа беше точката кога фестивалот буквално „експлодираше“ - огромна енергија, целосно вклучена публика и атмосфера која ретко се доживува на овие простори. За дел од посетителите, тоа остана како најсилен live момент на целиот фестивал.

Набргу потоа, сцената ја презеде Boris Brejcha, носејќи ноќна еуфорија во преполн простор, со силен визуелен и аудио сет. Луѓето останаа до крај без пауза, во класичен „rave peak“ момент што ја затвори ноќта со максимална енергија.

Но, Д Фестивал не е само сцена и музика. Камп атмосферата е неговата втора половина — дружење 24/7, луѓе од целиот Балкан, и чувство на мал град на слобода што живее три дена по сопствени правила. Токму овој сегмент го прави фестивалот различен: не само концерт, туку заедница што се создава и исчезнува во ист ритам. Сè појасно е дека Д Фестивал се позиционира како еден од најголемите летни фестивали во регионот, со сè поголем број посетители од странство и соседните земји.

Ефектот за Штип е повеќеслоен. Илјадници посетители за три дена значеа полни хотели, станови и ресторани, како и зголемена потрошувачка во градот. Тоа е директен летен економски бум кој го чувствува целиот локален сервисен сектор.

Но, уште поважно е културното влијание. Штип постепено се позиционира како град поврзан со модерна култура, музички настани и младинска енергија. Од универзитетски и индустриски центар, сè повеќе се препознава и како фестивалски град, место кое се



*Ијладници посетители на Д Фест*

појавува на регионалната фестивалска мапа.

Долгорочниот потенцијал на Д Фестивал е значаен — со можност да прерасне во еден од клучните летни фестивали во Европа, да привлече уште поголеми светски имиња и дополнително да ја зацврсти позицијата на Штип како културна точка.

***Ефектот за Штип е повеќеслоен. Илјадници посетители за три дена значеа полни хотели, станови и ресторани, како и зголемена потрошувачка во градот. Тоа е директен летен економски бум кој го чувствува целиот локален сервисен сектор.***

Во таа смисла, Д Фестивал веќе стои рамо до рамо со големи регионални фестивали како EXIT Festival во Нови Сад, Sea Dance / Sea Star, Ultra Europe во Сплит, INmusic во Загреб и други слични настани што ја дефинираат летната фестивалска карта на регионот. Д Фестивал 2026 не е само уште едно издание — тоа е потврда дека една идеја за град, музика и слобода може да прерасне во сериозен културен бренд што секоја година станува сè посилен.

Со ова издание, Штип уште еднаш се потврди како град кој се вградува на современата културна и фестивалска мапа на регионот.




Дел од артистите



Пејачката Русјан
од словенската група
LELEE



Дел од атмосферата




SMOKE MARDELJANO




Ноќ
за
сите
сетила

# Доделени признанијата „Најдоброто од истокот за 2025 година“, наградата за животно дело за Стојан Троицки, легендарниот директор на „Макфест“



На посебна свеченост одржана синоќа во хотелот „Мајбери“ во Свети Николе, во преубав амбиент, беа предадени признинијата на 18 инстртитуции, стопански организаци и инспиративни поединци за нивните остварувања во 2025 година од значење за развојот на Источниот плански регион.

Наградата за животно дело во културата новинарите од Регионалниот актив на новинари „Исток“ му ја доделија на **Стојан Троицки**, едден од основачите и најдолговечен директор на фестивалот на забавна музика „Макфест“.

Наградите во другите категории им беа врачени на:

-Женски ракометен клуб **„Овче Поле-Славјански“** во категоријата спорт.

-Во категоријата млади надежи во областа на ораторските вештини признанија добија **Искра Постолова** од Штип кај студенти, **Илина Донева** од Кочани, кај средношколци и **Даница Лефкова** од Штип од публиката.

-Во категоријата општествена одговорност признанието замина во рацете на **Доброволното противпожарно друштво – Виница:**

-Во стопанството за најдоброто во регионот е прогласена фабриката **„Фротирка“,** акционерско друштво Делчево;

-Во културата наградата за најдобро во 2025 година му е доделена на актерот во Театар Штип **Милорад Анѓелов** за неговата 30 годишна актерска кариера и 800 настапи на даските кои живот значат;

-**Бојан Аврамовски**, оперативен менаџер на хотелот Аурора ресорт и спа на Беровско езеро го подигна признанието за најдоброто во туризмот во 2025 година;

-Најдобар чувар на народната традиција е **Општина Пробиштип** преку манифестацијата „Зелникот на баба“ која минатата година имаше над 10.000 посетители;

-**Рудник „Саса“** е добитник за најдоброто во заштитата на животната средина за 2025 година за бројните активности и донации во оваа чувствителна сфера;

-Во областа на науката признанието замина кај **проф.д-р Павле Апостоловски** од Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ за истражување од значење за медицинската наука и заштита на здравјето на граѓаните:

Четири признанија се доделени за делување во врска со трагедијата во кочанската дискотека Пулс;

-Постхумно на **Иле Гошевски**, возач во кочанската Брза помош кој кобната вечер непрестано превезуваше повредени млади луѓе до болниците во Скопје, а неговото срце не можеше да го издржи притисокот од големата трагедија по што тој почина;

-На граѓанската иницијатива **Суппорт** – Кочани која беше експресно формирана и работеше на собирање донации за помош на повредените и семејствата на загинатите во дискотеката Пулс;

-На **Општатата болница во Кочани** и на **Клиничката болница Штип** за брзата организација и големата помош во третманот на повредените во Пулс;

-На **Општинската организација на Црвениот Крст** во Кочани за одличната организација на вработените и волонтерите во помошта на настраданите во пожарот критичната ноќ;

-Во образованието признанието за најдоброто во регионот замина кај **Силвана Јовановска Бинова**, наставничка во ООУ „Страшо Пинџур“ во Карбинци, под чие менторство нејзините ученици освоија повеќе светски награди во математиката;

-Научен амбасадор на Македонија во светот е штипјанецот **д-р Панче Наумов**, хемичар, кој живее во Дубаи, а стана член на Европската академија на науки и е член на поголем број национални академии на науки во држави во светот.

Ова беше тринаесетта по ред манифестација во организација на Регионалниот актив на новинари „Исток“.

Настанот одлично го воде новинарите **Тони Михаилов и Тања Велкова.**



*Сите добитници*



*Искра Постолова, ораторство*



*Др. Захариев, др. Мирчовска со Горан Тонев кој го преживеа пеколот „Пулс“*



*Постолова, Донева, Лефкова, ораторки*



*Дејан Станков, Фротирка*



*ДПД Виница*



*Милорад Ангелов, култура*



*Бојан Аврамовски, туризам*



*М-р Марија Стојановска, екологија, рудник САСА со екипата*



*Раде Илиевски, Општина Пробиштип*



*Силвана Јакомовска Бонева, образование*




# Изложба „Убавиот Узбекистан“ во галеријата на Славјански



Во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе, на 06 февруари 2026 година, свечено беше отворена и одржана изложбата „Убавиот Узбекистан“.

Изложбата беше организирана од Македонско-узбекистанското друштво за пријателство и соработка, Меѓународниот Славјански Универзитет и Brother Cities Alliance Uzbekistan, со цел унапредување на културната соработка и продлабочување на пријателските односи меѓу Република Северна Македонија и Република Узбекистан.




На отворањето присутните ги поздрави претседателот на Македонско-узбекистанското друштво за пријателство и соработка и претседател на УО на Меѓународниот Славјански Универзитет, проф. д-р Јордан Ѓорчев, кој ја истакна важноста на културната размена како мост меѓу народите и ја прогласи изложбата за отворена.

Во рамките на настанот беше прочитано и поздравно писмо од г. Закир Абидов, претставник на Алијансата на збратимени градови, во кое беше нагласено значењето на партнерството меѓу Ташкент и Скопје како први збратимени градови во историјата на Узбекистан и пример за успешно меѓународно културно и хуманитарно соработување.

Изложбата „Убавиот Узбекистан“ преку фотографиите ги претстави богатото културно наследство, историските градови, современиот живот и автентичниот дух на узбекистанскиот народ, оставајќи силен впечаток кај посетителите.



# Повод: 7 мај Денот на полицијата

**Пишува:
Ристо Божидар
Аризанков**

За време на Смилевскиот конгрес, кој се одржал од 2 до 7 мај 1903 година, Македонската револуционерна организација (ТМОРО/ТМООР) донела клучни одлуки за претстојното Илинденско востание. На последниот ден од конгресот, 7 мај 1903 година, биле донесени заклучоци и решенија со кои, меѓу другото, се дефинирало организирањето на востаничките сили, но и првите сегменти на цивилна полициска и безбедносна служба за заштита на населението и одржување на редот на ослободените територии.

„Припадникот на полицијата и одговара на јавноста, го критикуваат писателите, го исмејуваат во филмовите, а подршка не му даваат ниту обвинителите, го избегнуваат тие кои му се плашат, криминалците го мразат, сите го лажат, глупите и препредени политичари го шутираат наоколу како да е топка.

Ставен е на многу искушенија и погибии, го осудуваат кога ги применува прописите, а го отпуштаат од работа кога тоа не го прави. Сите мислат дека тој мора да има образование на војник, лекар, адвокат, дипломати воспитувач за плата која е помала на онаа која ја има еден надничар“.

### Најлошо е да си дете на полицаец

„Убаво е да протестираш!

Поубаво е да не те натепаат на протест...

Најубаво е да си политичар и од страна да си гледаш...

Лошо е да си ПОЛИЦАЕЦ бидејќи си меѓу два огна. Полошо е да си МАЈКА на полицаец и да стравуваш дали жив и здрав ќе се врати дома. Најлошо е да си ДЕТЕ на полицаец и да знаеш дека татко ти е жртва на политичарите, од една страна, а од друга на хулиганите!!! А сепак тој е херој!”

* * *

„Денес, нема да одговорам на радио повикот дека вашиот партнер дошол пијан дома и повторно ве тепа“!!

„Денес, нема да одговорам на радио повикот дека вашата 16-годишна ќерка, која е многу одговорна, доцни четири часа и не се врати дома од училиште“!

„Денес, нема да одговорам на радио повикот дека вашата продавница е ограбена или вашата куќа е провалена“!

„Денес, нема да спречам пијан возач да убие некого, нема да фатам силувач или убиец или крадец на автомобил“!

„Денес, нема да одговорам на радио повикот дека човек има пиштол или се обидел да киднапира дете или дека некој бил прободен или имал страшна несреќа“!

„Денес, нема да го спасам вашето дете кое сте го заклучиле во автомобил или детето што сте биле премногу зафатени за да го гледате, кое излего надвор и паднало во базенот и нема да пробам да го спасам“!

Не, денес нема да го сторам тоа!

Зошто? – Бидејќи:

Денес бев убиен од пијан возач додека помагав на повредените во сообраќајна незгода на автопатот.

Денес бев застрелан за време на рутинско запирање при контрола во сообраќајот за едноставно да му укажам некому дека не му работат задните светла.

Денес загинав во сообраќајна несреќа, бидејќи брзав да му помогнам на граѓанин.

Денес бев убиен постапувајќи по налог за приведување на познат дилер на дрога.

Денес ме уби еден човек кога дојдов да направам проверка дали е се во ред со него, затоа што неговото семејство беше загрижено, но премногу зафатено.

Денес, ме убија обидувајќи се да спречам грабеж на банка или грабеж на самопослуга.

Денес ме убија, бидејќи ја работев својата работа!!

Висок старешина и офицер ќе одат во мојата куќа и ќе им кажат на мајка ми и татко ми или на сопругата или на сопругот или на моето дете дека нивниот син или ќерка, или сопруг или сопруга, или татко или мајка нема да доаѓаат дома денес. Знамињата на многу полициски станици ќе се веат на половина копје, но повеќето луѓе нема да знаат зошто. Ќе има погреб и ќе дојдат моите колеги, ќе биде даден поздрав со дваесет и еден истрел додека моето тело го полагаат во земја. Моето име можеби ќе биде ставено на плакета, на ѕидот, во некоја зграда, во некој град. Преклопено знаме ќе биде поставено на полица некаде во домот, додека моето семејство ќе тагува.

Нема да има извици за правда. Нема да има немири на улиците. Нема да има марш на улиците, врескајќи „нема правда, нема мир“. Ниту еден граѓанин нема да протестира дека мора да се стори нешто. Нема да се кршат прозорци, нема да има изгорени автомобили, нема да се фрлаат камења, ниту да се викаат имиња. Само некој што ќе заспива плачејќи вечер- ва ќе биде единствениот знак дека на некој и нешто сум му значел.

Другите ќе речат – тоа му беше работа! -Јас бев полицаец! И се гордеам со тоа!



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

# Екскурзија

На крајот од третата година во гимназијата, како и многуте генерации пред нас, тргнавме на екскурзија. Тргнавме по патиштата на саканата ни држава, во тоа време позната како СФРЈ. Бевме Титови пионери, совесно еволуирани во Титова младина. Младина во која предничеа гладните очи и скромните желби за знаење.

Раскрилени од пубертетското либидо, наполнивме три меѓуградски автобуса на ООЗТ „Балкан експрес“. Екскурзијата, како и секоја пред нас, беше организирана под мотото – „Запознај ја татковината“. Запознавањето повеќе одеше во прилог на љубовта кон Маршалот отколку на љубовта кон светилиштата на ослободителната војна и револуцијата: Тјентиште, Јајце, Кумровец и други.

Со таква младина, какви што бевме, партијата на власт – комунистичката – не требаше да се грижи за својата иднина. И не се грижеше. Никому не му паѓаше на памет на песната на Џани Маршани – „Ди си била кад је грмило, кад је сивало“ – да ѝ даде политичка конотација. Младината тонеше во длабока апатија,„ничим изазвана“.



Со уши полни пролетерски пароли и рокенрол - песни, никој не гледаше подалеку од носот и покрај тоа што Американците, преку холивудските пораки – „сите Индијанци се мртви“ – подаваа можност да се погледне светот и од темната страна на Месечината.

Бјело дугме, култниот рок-бенд од Сараево, со лесни потскокнувања и прескокнувања го диктираше животното темпо на југословенската младина. „Опацупа ќе потскокнам / друга девојка ќе заљубам... со топ ќе те гаѓам, малечка моја!“ беше гесло во градењето на светлата иднина. На концертот кај „Ајдучка чешма“ во Белград, стоилјадната публика паѓаше во транс на рефренот: „Кад би био бјело дугме, мала би се закопчала у ме!“

По евидентната ерозија на идеолошката свест, Ѓорѓе Балашевиќ, со групата „Рани мраз“, во 1978 година побрза да ја испее „Рачунајте на нас“: „Се сомневаат некои дека не носи погрешен тек / оти слушаме песни, свириме рок / а во нас се битките на партизаните“ итн. Тито, сѐ уште здрав и прав, ја доживеа на стадионот на ЈНА за време на предавањето на Штафетата на младоста.

На екскурзија тргнавме: јас со тарамбука, Љубо-Так со гитарата, Димо-Точак со гитара и Боро Брк, придружен вокал, откако до последната нота ја „скинавме“ поп-песната „Екскурзија“ од 1977 година на групата КОД.

„Четири три, четири два / патува екскурзија / четири два, четири три / ти си јас, јас сум ти...“ Ја пеевме ширум Југославија – и на планини, и на рамнини, и на реки, и на езера. Не помалку и на синиот Јадран, иако подобро ќе беше да ја пеевме: „Плави се Јадран таласа / одмара се радничка класа!“

Како што тргнавме, така се вративме, полни љубов кон нашите соученички: „Твојата рака во мојата рака / ветрот ги милува твоите коси. “Никој не можеше да претпостави, најмалку одликашите по математика, дека на Маршалот му остануваа уште две години живот, а на СФРЈ – петнаесетина.

Од екскурзијата се вратив со импресии од пештерата во Постојна и со албумот на групата „Атомско склониште“, во кој песните, особено онаа со стиховите:

„Најголемата мравка од мојот двор умре од срце кога виде како од вратата го избркаа стариот просјак, кога во школскиот двор ги слушна пцовките на учениците, кога ги виде луѓето како безгрижно лажат, безмилосно крадат“, постојано ме исправуваат пред прашањето:

„Ќе бидеме ли ние таа несреќна генерација на која ќе се изврши големата последна рација?“

И ден-денес, по многу поминати децении од екскурзијата, ја слушам песната за најголемата мравка. Благородни се екскурзиите што одрано ќе ти ја покажат јужната страна на животот.



# Колку се безбедни нашите училишта?

**Пишува:
Роберт Аџипетров**

Последните настани во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип не смеат да се гледаат само како изолиран вандалски чин или вест за еден ден. Станува збор за сериозен аларм за сите нас затоа што училиштата мора да бидат најбезбедниот простор за децата, наставниците и родителите. Кога во едно училиште се уништува инвентар, се оштетуваат училници, се прекинува наставата и се создава вознемиреност, тогаш прашањето не е само кој го направил тоа, туку како системот ќе спречи повторно да се случи.

Безбедноста во училиштата не е само прашање на камери, аларми и чувари. Јасно е дека се ова е потребно, но безбедноста е поширок концепт. Безбедноста значи контролиран пристап до објектот, функционален видео-надзор, алармни системи, редовни проценки на ризик, соработка со полицијата, јасни протоколи за постапување, но и здрава училишна клима во која учениците знаат што е дозволено, што не е дозволено и какви последици носи секое однесување. Кога некој ќе влезе во училиште и ќе уништува училници, тој не оштетува само врати, табли и компјутери туку директно ја напаѓа довербата на родителите, мирот на наставниците и чувството на сигурност кај децата.

Затоа, првата реакција мора да биде практична и институционална. Потребна е проверка на сите училишни објекти со цел детектирање на слаби точки, каде може лесно да се влезе, дали камерите работат, дали алармите се функционални, дали постои физичко обезбедување, дали училиштето има јасен план за постапување во кризни ситуации. Добро е што по овој случај беа најавени засилени безбедносни мерки, но тие мерки треба да бидат дел од поширок и траен систем, а не само реакција по инцидент.

Второ, мора да се зајакне соработката меѓу училиштата, општината, Министерството за внатрешни работи, центрите за социјална работа и родителите. Безбедноста не може да биде обврска само на директорот или на неколку вработени во училиштето, туку заедничка одговорност. Полицијата треба редовно да биде присутна превентивно, не само интервентно. Родителите треба да бидат информирани и вклучени, а наставниците треба да имаат обуки за препознавање ризично однесување.

Трето и можеби најважно е воспитната компонента. Денес често зборуваме за наставни програми, учебници, дигитализација, резултати и тестирања и да ова е навистина важно, но образованието без воспитание е половина систем. Ученикот знае математика, но не знае почит, знае да користи технологија, но не знае одговорност, има добри оценки, но нема вредности, е сценарио во кое училиштето со сигурност има потфрлено. Воспитната компонента мора повторно да добие централно место, а тоа значи повеќе разговори за одговорност, емпатија, ненасилство, почитување на јавниот имот, почитување на различностите и последиците од омразата и вандализмот. Училиштата треба да градат култура во која учениците нема да молчат кога гледаат проблем, туку ќе знаат каде да се обратат. Родителите пак, мора да разберат дека воспитувањето не започнува и не завршува во училиштето. Основните вредности се носат од дома, а училиштето ги надградува. Посебно треба да се внимава на говорот на омраза, знаците на нетрпеливост и агресивните пораки затоа што тие не се „детска игра“ и не смеат да се релативизираат. Кога вакви појави ќе се појават во или околу училиште, реакцијата мора да биде јасна, воспитна и институционална. Казната сама по себе не значи ништо без објаснување зошто таквото однесување е опасно за заедницата.

***Прашањето „колку се безбедни училиштата“ не бара само технички одговор туку и општествен одговор. Безбедноста започнува од вратата на училиштето, но продолжува во училницата, во семејството, во медиумите, на социјалните мрежи и во секојдневното однесување на сите нас.***

Настаните во ООУ „Ванчо Прке“ мора да бидат пресвртница, не затоа што ова училиште е единствено изложено на ризик, туку затоа што секое училиште може да се најде во слична ситуација ако безбедноста ја третираме како споредна тема. Нашата обврска е од овој случај да извлечеме поука затоа што училиштата мора да бидат заштитени физички, организациски и морално. На крај, прашањето „колку се безбедни училиштата“ не бара само технички одговор туку и општествен одговор. Безбедноста започнува од вратата на училиштето, но продолжува во училницата, во семејството, во медиумите, на социјалните мрежи и во секојдневното однесување на сите нас. Доколку сакаме безбедни училишта, тогаш мора да градиме и побезбедна, повоспитана и поодговорна заедница.

**(Авторот е директор на Педагошка служба при Министерството за образование и наука)**



# Децата од Истокот чекаат театар

Пишува:
Милорад Ангелов

Штип е универзитетски, образовен и културен центар на источна Македонија — град со традиција, млади луѓе и огромен потенцијал. Но зад сета таа живост и енергија, со години постои една тивка неправда: источниот регион нема професионален детско-младински театар.

Во Македонија постои само еден професионален детско-младински театар, сместен во Скопје. Сè друго е повремено, ентузијастички или случајно. А детството не смее да зависи од случајност. Илјадници деца од Штип и од целиот Исток растат без можност ,,редовно“, да ја почувствуваат магијата на театарот создадена токму за нив — без завеса што се отвора, без детска смеа во салата, без ликови што ќе ги научат што значат добрина, храброст, другарство, љубов...

А детството поминува брзо.

Децата не можат да чекаат со години некој да се сети дека и тие заслужуваат култура.

Идејата Штип да добие професионален детско-младински театар не е прашање на престиж, ниту политичка амбиција. Ова е прашање на еднаквост, грижа и иднина. Затоа што театарот не е само сцена и претстава — тој е прозорец кон светот. Место каде децата учат да чувствуваат, да размислуваат и да сонуваат.

Во време кога екраните сè повеќе им го одземаат вниманието на младите, а виртуелниот свет ја заменува вистинската емоција, на децата им се потребни живи приказни, аплаузи, светла и уметност што допира до срцето. Театарот ја буди креативноста, ја развива емпатијата и ги учи децата да бидат луѓе.

Еден професионален детско-младински театар во Штип би бил многу повеќе од културна институција. Тој би бил дом на детската фантазија, место каде младите ќе растат со вистински вредности. Би им дал можност на родителите своите деца да ги носат редовно на професионални претстави, а на младите таленти — простор да творат, да учат и да сонуваат.

Децата од Источна Македонија со години се неправедно лишени од можноста редовно да гледаат квалитетни претстави создадени специјално за нивната возраст и развој. Илјадници деца заслужуваат да имаат своја сцена. Заслужуваат да растат со култура, а не на нејзините маргини.

Затоа, детско-младински театар во Штип не е луксуз. Тоа е потреба. Потреба на едно поколение кое има право на детство исполнето со уметност, радост и инспирација. Театар што им недостига на илјадници деца.

Ова нема да биде само нова културна установа, туку инвестиција во младите генерации — во нивното образование, воспитување и духовен развој. Детскиот театар не е само забава, туку важна образовна алатка што придонесува за целосен развој на личноста — интелектуален, емоционален и социјален. Детско-младинскиот театар ќе создава нова публика, ќе поттикнува таленти, ќе отвора простор за млади уметници и ќе внесе нов културен живот во целиот источен регион. Општеството што инвестира во децата, инвестира во својата иднина. Во град што ја гради својата иднина врз знаење и млади луѓе, театарот за децата не е луксуз, туку природно продолжение на образованието и инвестиција во генерациите што доаѓаат.

Затоа што културата не започнува кога ќе пораснеме. Таа започнува уште кога сме деца. Без детски театар, нема културна иднина. Децата од Истокот не бараат привилегија, туку културна еднаквост. Штип ја гради својата иднина врз знаење, младост и универзитетска традиција, и прашањето за детски театар не е симболика, туку мерка на зрелост на едно општество. Општеството се мери по тоа како се однесува кон своите деца — не по тоа како зборува за нив.

А ако денес не им дадеме театар на децата, утре ќе се прашуваме зошто ни недостига култура, емпатија и човечност.

***Детско-младински театар во Штип не е луксуз. Тоа е потреба. Потреба на едно поколение кое има право на детство исполнето со уметност, радост и инспирација. Театар што им недостига на илјадници деца.***

Време е нивниот глас да се слушне.

Време е Штип и Истокот да добијат професионален детско-младински театар — гласот на идните генерации.

Време е завесата да се отвори и за децата од Истокот.

# Студентот Алпџан Џандан низ својот објектив ни понуди нова уметничка перспектива на Штип



Во рамките на 41. издание на „Штипско културно лето“, во „Галерија 22“ при Домот на култура „Ацо Шопов“ беше отворена изложба на уметнички фотографии под наслов: „Штип низ објективот на Алпџан Џандан“. Се работи за момче од Измир, Турција кое студира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, кое живее во нашиот град, а на кого уметничката фотографија му е голема страст. Џандан, на изложбата, преку своите уметнички фотографии претстави уникатен поглед на Штип.

„Штип е мојот втор дом. Овде студирам, и во овој убав град стекнав голем број пријатели“, вели Џандан кого штипјани можат да го сретнат низ градот со неговиот фотографски апарат.

Фотографиите сведочат за искрената поврзаност на младиот уметник со Штип и претставуваат потсетник дека љубовта кон градот не познава национални и географски граници. Неговите дела откриваат детали и моменти кои ја нагласуваат уникатноста на Штип, гледан низ очите на човек што дошол од далеку, но го прифатил градот со целото свое срце. Со оваа изложба ја доживеавме убавината на нашиот град од една поинаква перспектива, но и потврдивме дека во Штип студираат и творат квалитетни млади луѓе кои го засакуваат градот и преку својата креативност придонесуваат за неговата културна афирмација.






По повод изложбата, беа упатени честитки до Алпџан Џандан за неговиот талент, креативност и посветеност, како и до Здружението за култура и уметност „Валтер“ од Штип и манифестацијата „Штипско културно лето“, кои континуирано ги поддржуваат младите уметници и придонесуваат за збогатување на културниот живот во градот. **(М.А.)**

# Од први движења во вода до натпреварувачки тим – пливачка приказна на ПВК „Видра“ Штип

Со отворањето на затворениот пливачки базен во Штип, градот доби нова спортска енергија, а пливачкиот ватерполо клуб „Видра“ – Штип ја претвори таа можност во вистинска приказна за труд, дисциплина и детски напредок.

Во време кога спортот сè почесто се соочува со предизвици, ПВК „Видра“ – Штип покажува дека со посветена работа, трпение и правилен пристап може да се создаде силна локална спортска основа. Клубот, формиран од поранешни докажани спортисти во пливањето и ватерполото, денес е место каде што децата не учат само како да пливаат, туку како да веруваат во себе.

**Активно тренираат над 40 пливачи**

„Она што пред само неколку месеци започна како работа со деца кои првпат влегуваа во базен со страв и несигурност, денес прераснува во организирана пливачка екипа. По три месеци континуирана работа, над 40 млади пливачи активно тренираат и се подготвуваат за претстојниот градски пливачки натпревар „Штип 2026“, кој ќе се одржи на 6 јуни 2026 година во Пливачкиот базен во Штип“, вели Ване Маневски, претседател на „Видра“ и тренер по пливање.

Зад овој напредок стои тренерскиот тим на клубот – Ване Маневски, Анабела Јанев, а во почетната фаза и Ѕвонко Рунчев – луѓе кои со искуство, трпение и спортска посветеност го водат процесот од првите чекори во вода до првите натпреварувачки искуства.

„Секој успешен пливач некогаш бил дете кое се плашело од вода“ – оваа мисла најдобро ја опишува мисијата на „Видра“. За тренерите, најголемата победа не е секогаш медалот, туку моментот кога детето ќе заплива само, ќе го совлада стравот и ќе поверува дека може повеќе“, посочува Маневски.

**Од непливачи до млади натпреварувачи**

Програмата на ПВК „Видра“ – Штип за 2026 година е поставена јасно и системски. Тренинзите се одржуваат три пати неделно – понеделник, среда и петок, од 18:00 до 19:00 часот и од 20.00 до 21.00 часот, во затворениот пливачки базен во Штип.

Работата е поделена во три категории: школа за пливање за непливачи, почетници и напредни пливачи. Кај најмладите, од 4 до 9 години, фокусот е на адаптација кон водата, лебдење, нуркање, основни движења и безбедносни вежби. Целта е децата до крајот на еден циклус самостојно да пливаат на кратки растојанија од 10 до 15 метри.

Кај почетниците, на возраст од 4 до 14 години, тренинзите се насочени кон усовршување на техниката во слободен стил, грбно и градно пливање, со посебно внимание на дишењето, координацијата и правилното движење. Напредните пливачи, пак, работат на издржливост, брзина, стартови, завртувања, анализа на техника и ментална подготовка за натпревари. Токму таа структура е причината што „Видра“ за кратко време успеа да направи премин од рекреативна школа кон клуб кој



создава натпреварувачки состав.

**Довербата на родителите – важен дел од успехот**

Посебно значајна во оваа приказна е довербата на родителите. Тие се првите кои го препознаваат напредокот кај своите деца – од првичната несигурност, до радоста кога детето самостојно ќе преплива должина во базенот.

Во клубот се инсистира на безбедност, ред и одговорност. Сите тренинзи се водат од стручни лица, со присуство на спасувач или надзорник во базенот, а за учество е потребна медицинска потврда за физичка способност. Тоа им дава дополнителна сигурност на родителите дека нивните деца се во средина каде спортот се развива професионално и внимателно.

„Пливањето не е само техника. Тоа е дисциплина, самоконтрола, одговорност и здрав начин на живот. Децата учат да доаѓаат редовно на тренинг, да слушаат инструкции, да работат во група, да го почитуваат тренерот и другарите, но и да се борат со сопствените граници“, укажува Ване Маневски.

**„Штип 2026“ – прв голем предизвик за младите пливачи**

Претстојниот градски пливачки натпревар „Штип 2026“ ќе биде важен момент за младите пливачи. Организатор е ПВК „Видра“ – Штип, а соорганизатор е ВК „8ми ноември Мастерс“ – Штип.

Натпреварот ќе се одржи во слободен стил, во машка и женска конкуренција, за две возрасни категории: деца од 6 до 10 години кои ќе пливаат 25 метри и деца од 11 до 14 години кои ќе пливаат 50 метри. Поради ограничениот број патеки во базенот, натпреварувањето ќе се одвива по систем на директни финалиња – секој плива еднаш, а победник е оној со најдобро време во вкупниот пласман. Целта на натпреварот не е освојување медали, туку популаризација на пливањето кај младите, развој на спортски дух, дружење и создавање здрава натпреварувачка атмосфера.

За ПВК „Видра“, овој настан е потврда дека упорната работа дава резултат. Децата кои неодамна учеа како да се движат во вода, денес се подготвуваат да застанат на старт, да го слушнат сигналот и да ја испливаат својата прва трка.

# Инвеститорот Соломон стана мнозински сопственик на ФК Брегалница, ќе вложува половина милион евра годишно

Франк Соломон, германски инвеститор стана мнозински сопственик на ФК Брегалница откако откупи 51 процент од акциите на клубот кои ги купи на берза. Останатите 49 проценти остануваат на Општина Штип. Тоа значи дека Соломон како мнозински сопственик ќе мора за една натпреварувачка сезона во клубот да внесе свеж капитал од 30 милиони денари што е еквивалент на близу 500.000 евра.

Впрочем, согласно договорот германскиот инветитор ќе мора да вложува минимум 30 милиони денари по сезона, а пак општината 15 милиони денари и тоа во време додека ФК Брегалница е дел од Првата македонска фудбалска лига, а доколку Брегалница испадне во Втора лига, тогаш германскиот инвеститор ќе треба да вложува по 15 милиони денари по сезона, а девет милиони ќе треба да вложува општина Штип.

Исто така, според договорот како што веќе објави М Нет телевизија, новиот мнозински сопственик од Германија не смее да го сели клубот во друг град или држава, не смее ниту да го менува името на клубот, ниту пак боите со што се гарантира идентитетот на штипската фудбалска гордост.



Првата прозивка на играчите кои настапуваат во Брегалница ќе биде на почетокот на месец јули и со тоа ќе биде означен старт на летните подготовки. Во следниот период ќе треба да биде познат изгледот на Брегалница односно костурот на тимот но и изгледот на стручниот штаб и раководството на клубот.



***ФК Брегалница***

Не е познато кога новиот сопственик на фудбалскиот миленик на штипските љубители на спортот ќе дојде во Штип и преку медиумите ќе биде претставен на јавноста која сака да ги дознае деталите за инвеститорот и да слушне нешто повеќе на неговите долгорочни планови со ФК Брегалница.

***Франк Соломон како мнозински акционер има обврска во клубот на годишно ниво да вложува по 500.000 евра, а Општина Штип како втор голем акционер 150.000 евра.***

Брегалница минатата сезона стана шампион во Втора лига и се врати во елитата, а во рамки на првото коло ќе гостува кај шампионот Вардар. Новата сезона во елитата стартува на 25 јули.

# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Македонецот во просек редовно го интересира високата политика. Високата политика воопшто не се интересира за просечниот македонец.**

**Македонецот кој завршил факултет редовно докажува дека е полуписмен, македонецот кој нема ни прво одделение секогаш се прави како да завршил три факултети.**

**Македонецот во просек дневно работи 2 часа и 35 минути. Во останатиот дел од работниот ден македонецот се буни зашто платата му била мала.**

**Просечниот мекаедонец кој просечно дневно работи 2 часа и 35 минути во останатото време решава крстозборки, чита спортски вести, пуши како турчин и сето тоа во „слободното“ работно време во денот кое му трае од 4 часа и 25 минути.**

**Македонец и кога лежи на работното место покажува висока инвентивност. Бара за тоа време да му биде исплатена лежарина!**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8 | 5 | | | | 7 |
| 3 | 8 | 2 | | | | | | |
| 9 | | 7 | | 3 | | 1 | 8 | 4 |
| | 2 | 8 | | | 6 | | 3 | |
| 4 | | 9 | | | | 8 | | 1 |
| | 3 | | 9 | | | 4 | 7 | |
| 7 | 1 | 3 | | 6 | | 2 | | 8 |
| | | | | | | 5 | 1 | 6 |
| 2 | | | | 9 | 8 | | | |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.06.2026 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | ***Артистка на фото*** | Љубовна поезија | Англ. филозоф Џемс | Водителката Џамбазова | Древни влечки | Ампер | Анри Тулуз орек |
| | | | | | | Стручно советување | | | | | | | |
| | | | | | | Сојузна држава во Индија | | | | | | Сврзник / Бизамски глушец | |
| | | | | | | Народни песни и игри | | | | | | | |
| | | | | | | Иван Точко | | | Повреди / Наша пејачка | | | | |
| | | | | | | Дански полуостров | | | | | | | Извик при јуриш |
| | | | | | | Пејач Рахимовски | | | | Међун. здруж. на Универз. (скр) / Карактеристика | | | |
| Ш.Г. | Стих од четири стапки (лат.) | Место каде се чуваат документи | Лесковац | Вид америк. куна | Фосфор | Пејач Лесковар Магацин складиш. | | | | | Тино Роси / Ам. авио компанија | | |
| Сателит на Сатурн | | | | | | | | Јадран. полуост. / Планин. венец во Бурма | | | | | |
| Жежок | | | | | Град во Русија / Иселеник | | | | | | | | Амер. арт. Роберт |
| Извик | | | Двогодиш. зељеста билка / Скопје | | | | | | | | | Сулфур / Талкачи скитачи | |
| Река во Русија | | | | Прв сним. на балкан. Милтон / Пејач Мартин | | | | | | | Сплит / Хран.производ кој бргу се подготвува | | |
| Старогрчки филозоф | | | | | | | | | | | | | |
| Радиум | | | Еми Грант / Писател Дракула | | | | | | | | | | |
| Азот | | Ам.арт. Мира / Српски поет Васко | | | | | | | | Стојан Тарапуза / Позната светска манекенка | | | Српски тенисер Золтан |
| Врв во Непал 7132 м | | | | Авион. северал тест (скр) / Уметност (фр) | | | | Пејачка Хјустон | | | | | |
| Вид лирска песна | | | | | | | | Муслим. машко име / Иридиум | | | | | |
| Ш.Г. | Жител на држав во Средна Америка / Водород | | | | | | | | | | | | |
| Екс англис. автомобил. Џемс | | | | | Изолација на болни од зараз. болест | | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA